**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Сто и дванаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 4 април 2008 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,49 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Почитувани дами и господа пратеници,

Ја отворам Сто и дванаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Арбен Џафери, Мендух Тачи, Али Ахмети, Љубчо Георгиевски, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Лазар Китановски, Илинка Митрева, Андреј Жерновски, Владимир Ѓорчев, Радмила Шекеринска, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Оваа седница ја свикав Собранието на Република Македонија, согласно Уставот на Република Македонија, Деловникот на Собранието и Изборниот законик, да констатира престанок на мандатот на нашиот драг прерано починат и почитуван колега, пратеникот Гоце Марковски.

Предлагам предлогот на дневниот ред за оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 63 гласале за, воздржани нема, против 1.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Престанок на мандат на пратеник во Собранието на Република Македонија.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, сите 64 пратеници гласале за

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

**Минуваме на точка 1** - Престанок на мандат на пратеник во Собранието на Република Македонија.

Констатирам дека согласно член 152 став 1 алинеја 4 од Изборниот законик на пратеникот Гоце Марковски му престанува мандатот на пратеник во Собранието на Република Македонија.

Бидејќи пратеникот Гоце Марковски беше избран од листа на кандидати, потребно е Државната изборна комисија да го извести Собранието за кандидатот од оваа листа на кој треба да му се верифицира мандатот за пратеник согласно член 153 од Изборниот законик.

Ја заклучувам Сто и дванаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Објавувам получасовен прекин и координација на шефовите на пратеничките групи во Уставна сала и пререгистрација за тоа време.

(Седницата заврши во 11,54 часот)